Врз основа на член 48 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “бр.5/2002) и член 40 став 2 од Статутот на Општина Бутел („Службен гласник на Општина Бутел“ бр.3/2014 - пречистен текст, 12/2014, 5/2019 и 13/2022) донесувам

**РЕШЕНИЕ**
**За свикување на триесет и првата седница**
**на Советот на Општина Бутел**

Ја свикувам триесет и првата седница на Советот на Општина Бутел.

Седницата ќе се одржи на 31.10.2023 година (вторник), во 10:00 часот, во Општина Бутел на ул. „Бутелска” бр.4.

За Седницата го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

а) Усвојување на Записниците од 29-та и 30-та седница на Советот на Општина Бутел.

1. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.
2. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Бутел за 2023 година.
3. Предлог-Одлука за усвојување на периодични извештаи за третиот квартал од 2023 година.
4. Предлог-План на програмите за развој на Општина Бутел за 2024 година.
5. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ„11 Октомври“, Општина Бутел за период 2023-2024 година.
6. Предлог-Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување ЈОУДГ„11 Октомври“, Општина Бутел за 2024 година.
7. Предлог-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Бутел, врз основа на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Бутел.

Број: 08-1932
Од: 18.10.2023 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Д-р Игор Николов